Федерација на планинарски спортови на Македонија

ДНЕВНИК

ТРАНСВЕРЗАЛА ПЛАНИНИ НА МАКЕДОНИЈА

Федерација на планинарски спортови на Македонија

ДНЕВНИК

ТРАНСВЕРЗАЛА ПЛАНИНИ НА МАКЕДОНИЈА

www.planinarskipateki.mk

ЛУБОТЕН 2499
ТИТОВ ВРВ 2748
КОРАБ 2764
БАБИН СРТ 2742
ПЕЛИСТЕР 2601
СОЛУНСКА ГЛАВА2538
ЦАРЕВ ВРВ 2085
ЛИСЕЦ 1754
КАЈМАКЧАЛАН 2528
ТУМБА ТРОМЕЃА 1881

Федерација на планинарски спортови на Македонија

ПРАВИЛНИК

за планинарската трансверзала “Планини на Македонија”

Член 1

Планинарската трансверзала “Панини на Македонија” ја воспостави Федерација на планинарск спортови на Македонија. Воспоставувањето на оваа трансверзала има за цел планинарите и другите љубители на природата со искачување на одредени врвови во Македонија и подобро да ги запознаат нејзините убавини.

Член 2

Планинарската трансверзала “Планини во Македонија ” ја сочинуваат 10 врвови, со кои се опфатени сите краеви на Република Македонија. За добивање на признание и значка потребно е да се освојат сите 10 врвови.

Член 3

Поминувањето на оваа трансверзала се докажува со печат кој треба да се стави на означеното место во дневникот. Уредно пополнетиот дневник се испраќа на адреса: Федерација на планинарски спортови на Македонија.

- Комисија за маркации и трансверзали

За уредно пополнет дневник, сопственикот на дневникот добива спомен значка и диплома.

Член 4

Дневникот на планинарската трансверзала „Планини во Македонија” го издава Федерација на планинраски спортови на Македонија. Во него се внесуваат податоци за сопственикот на дневникот кои што ги заверува матичното друштво. Во цената на дневникот е вклучена

и вредноста на значката. Федерација на планинарски спортови на Македонија ќе води евиденција за издадените значки по реден број.

Член 5

Патеките за планинарската трансверзала “Планини во Македонија ” се маркирани од појдовните точки до врвот. Маркацијата е двобојна, бело-црвена. Времето на обиколката не е определено и може да се започне од било која појдовна точка.

Федерација на планинарски спортови
на Македонија Скопје

Име:

Презиме:

Дата на раѓање:

Адреса: _____
_____
_____

Планинарски клуб:

М.П.

Секретар:

Своерачен потпис:

_____

_____

Кораб е планина во Македонија, на границата со Албанија. На неа се наоѓа највисоката точка (врв) во земјата - Голем Кораб кој е висок 2764 метри надморска височина. Кораб е планинска верига која се протега на правец југ-север. Поради уникатните природни карактеристики делот на планината кој влегува во границите на Македонија, во 1952 година е признаен како дел од националниот парк „Маврово".

Планината Кораб се протега околу 40 километри од север кон југ. Почнува каде што завршува Шар Планина и продолжува кон реката Црн Дрим

Овие врвови се случајно раздвоени преку тектонски движења кои прават форми на блокови што завршуваат со долината на реката Радика. Овие блокови под дејство на ледничката ерозија имаат направено дупки кои достигнуваат и до 500 м длабочина. Најмаркантен пример за таков вид на ерозија претставува горниот тек на Длабока Река каде е формиран и истоименот познат кањон со речиси вертикални страни и остри ивици меѓу кои се наоѓаат голем број водопади, посебно од страната на Кобилино Поле.

Необично забележливи се алпските предели на Кабаш, Рибничка Скала, Мал Кораб, Радомирски Врв и неколку други тешко проодни врвови. Во највисокиот дел, над 2.000 м, климата е алпска и вклучува елементи од алпската флора. Според мислењето на голем број

научници, Кораб е најубавиот планински релјеф во Македонија и пошироко.

Општа карактеристика за масивот на Кораб е богатството на површински водотеци - реки и потоци кои по напуштањето на планинското подрачје се влеваат во Радика и Црн Дрим. Тие имаат брзи текови, наизменично низ кањони и долини, често формирајќи брзаци и водопади.

Највисок изворишен дел, кој достига и до 2.500 м надморска височина има Длабока Река. Воедно нејзиниот тек заедно со Габровска Река и другите помали притоки е и најатрактивен бидејќи формира три кањони и многубројни брзаци и водопади.

Корапскиот водопад на Длабока Река

Корапскиот водопад на Длабока Река или водопадот на Длабока Река е највисок водопад во Македонија, а воедно и на Балканот со висина од над 130 метри (136 метри, ако се смета и висината на слапот во подножјето). Се јавува на вертикална карпа која е продолжение на стрмната источна страна на врвот Мал Кораб. Формиран е како последица на истекувањето на огромниот ледник кој го продлабочил горното корито на Длабока Река, пресекувајќи ја карпата на неговиот пат.

Поради непристапниот терен и краткиот временски интервал во кој што може да се посети, многу малку луѓе имаат можност да го видат во својот полн сјај. Најдобар период за посета е месецот јуни кога снегот нема да претставува голема пречка за да се стигне до водопадот, а и поради топењето на преостанатиот снег количеството на вода е релативно големо.

Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
N41° 48.800'
N41° 48.000'
N41° 47.200'
N41° 46.400'
E20° 31.200'
E20° 32.000'
E20° 32.800'
E20° 33.600'
E20° 34.400'
E20° 35.200'
E20° 36.000'
E20° 36.800'
E20° 37.600'
E20° 38.400'
E20° 39.200'
Adzlina
Pl. Staza
Pilana
Vrh Pilanska Pobeda
Stirovica
Rec.
Satrez
Proj Bukavenit
Voda
Prevoj Kobrab
Gunji Zi
Elbini
1888m
2251m
2532m
2572m
2588m
2567m
2106m
2083m
2248m
1815m
0km
0.5 km
1 km
1.5 km
2 km
AdriaTOPO PRO
Izdelava kart: Geodetska oprema d.o.o., Ljubljana, Slovenija 2016
Podatki © d.o.o., Ljubljana, Slovenija 2016

КОРАБ – Голем Кораб 2764 мнв

До планината Кораб се пристигнува по западната магистрала Гостивар – Дебар. Некаде околу 8 км од Маврови Анови спрема Дебар во близината на мотелот Трница или поточно кај состав Река (каде Маврвовска река се влева во Радика

Се врти десно спрема селото Ничпур и месноста Стрезимир. Од оваа раскрсница односно состав Река се оди по макадамски пат (редовно се одржува) околу 15 км се стигнува до полициската станица Стрезимир, а од полициската станица се продолжува по истиот макадамски пат кој води покрај реката Радика уште 4 км. Потоа се свртува лево спрема караулата Победа или (Штировица) која е оддалечена од кривината 1,5 км.

Од караулата Стрезимир фактички почнува освојувањето на врвот Голем Кораб за кој ви се потребни 4-5 часа. Патеката е маркирана. Маркацијата започнува од расксрницата пред караулата (1,5 км) кај реката Радика. На оваа планина нема планинарски дом. Доколку одлучите да поминете два дена тогаш потребно е со себе да понесете шатор и вреќа за спиење.

- Должината на патеката е околу 9 км. во правец.
- Стартна точка караула Стрезимир - 1450 мнв.
- Крајна точка: Врв Голем Кораб 2764 мнв.
- Категорија на патека: Тешка

Шар Планина се наоѓа во северозападниот дел на Р. Македонија. Масивот се протега североисток - запад - југозапад во должина од 80 км. (мерено по гребен), со површина од 1600 км2 и просечна височина на гребенот од 2200м. Започнува со реката Лепенец, односно со врвот Љуботен (2499м.), а завршува со Морава (2147м.) поточно со изворот на реката Вардар, Вруток.

Шар Планинскиот масив спаѓа во млади верижни планини, со планинска клима која се карактеризира со студени зими и пријатни лета. Просечната температура во зимскиот период е -1,5 °C, а во лето 17 °C. Дебелината на снежната покривка во просек е 1м. со траење од четири месеци на височина над 1300м. Ветровите кои дуваат, најчесто се од северозападен правец.

Масивот го карактеризира богата флора и фауна. Изобилува со високо планински пасишта од 45000 хе, и високо стеблести, четинарски шуми, од кои најзастапени се високата ела и смрчата, а во пониските делови буковата и костеновата шума, која ја има до височина од 1700м. (10000 хе). На Шара се среќаваат над 200 ендемични растенија, што е највисок процент на ендемизам во Македонија. Застапеноста на фауната е исто така голема со над 44 видови дивеч од кои ги издвојуваме: рисот, срната, дивокозата, мечката и дивата свиња. Од птиците се издвојуваат повеќе видови на орли, соколи и јастреби.

Надалеку познат е шарпланинецот кој е ендемски вид и гордост на Посебна карактеристика на Шар Планина се т.н. Шарпланински Очи кои всушност претставуваат голем број на глацијални езера. Нивниот број е 25 постојани, 14 повремени и преку 150 локви. Водениот потенцијал на овој масив е огромен и брои преку 200 извори на чиста изворска вода. Од рудните богатства застапен е манганот, железната и хромната руда, молибденот, бакарот и други минерали.

Шар Планина брои голем број на врвови со височина над 2200м. Ги набројуваме почнувајќи од почетокот на протегање на масивот од северозападната страна: Љуботен (2499м.), Ливадица (2497м.), Пирибег (2524м.), Чаушица (2651м.), Бистрица (2571м.), Црн Врв (2585м.), Кобилица (2528м.), Вртоп (2555м.), Карапикола (2409м.), Скакало (2493м.) кој потоа преки Бабаасаница се спуштаат во најубавиот и најатрактивниот дел на овој масив, а тоа е просторот на Лешница (1450м.) . Оттука се искачува на највисокиот предел на Шара каде се наоѓа највисокиот врв, Титов Врв (2747м.). Околу овј врв се наоѓаат уште неколку врва Церипашина (2525м.), Син Врв (2550м.), Казани (2567м.), Бакардан (2704м.) и Мал Турчин (2702м.), кои продолжуваат кон Џинибег (2610м.), Трапезница (2590м.), Борислаец (2675м.), Рудока (2658м.), Голема Враца (2582м.), Врв на Радика (2405м.), Расенгул (2386м.), Лера (2194м.) и Морава (2147м.) која постепено се спушта.

Шар Планина има огромен потенцијал за развивање на панинските спортови: скијањето, планинарството, алпинизмот, планинскиот трекинг, планинско велосипедство, параглајдерството, спортскиот лов и риболов, а и за изградба на повеќе ски-центри.



Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
N42° 01.000'
N42° 00.500'
N42° 00.000'
N41° 59.500'
N41° 59.000'
E20° 52.500'
E20° 51.500'
E20° 50.500'
E20° 49.500'
E20° 48.500'
Pl. Staza
Reka Ecka
Popova Sk
Via Sarka Ski
Izvor
Antena 2531m
Kazaliste
Ostova Stena
Titov Vrh 2748m
Turcin 2702m
Bakardan 2704m
Sitil Bares
Reka
Palolska
Vakarska Bacila
2480
2252m
2559m
2592m
2551m
2571m
2600m
2589m
2329m
2300
2400
2500
2600
1900
2000
2200
1600
1700
1800
1900
7.500'
0 m
350 m
700 m
1050 m
1400
AdriaTOPO PRO
Copyright © 2013 - 2014 Geodetski inštitut Slovenije
in Geonet d.o.o., Ljubljana, Slovenia 2014

ШАР ПЛАНИНА – Титов врв 2747 мнв

На Титов врв, кој се наоѓа на масивот Шар Планина, се стасува преку Тетово до Попова Шапка, по асфалтен пат. Попова Шапка е оддалечена од Тетово 20 км. Од Попова Шапка или Јелак има неколку можни правци за искачување на врвот, во зависност од расположливото време и желбите.

Најкратка и најтешка е зимската патека која директно се искачува на Церипашина. Од тука, по гребенот преку Антени, Карабунар, врвот Бакардан до Титов врв, патеката е маркирана, но маркацијата на одредени делови е слабо видлива и се губи. Маркацијата започнува од Попова Шапка и планинарскиот дом Смрека.

Патеката од Попова Шапка се движи по широки ливади, а пред Орлови стени излегува на широк пат.

Од Орлови стени – Вакуфски бачила, патеката свртува десно покрај Палчишка река, према подножјето на Бакардан, патеката се искачува до седлото помеѓу Титов врв и Бакардан, а потоа продолжува по гребенот до врвот. До Титов врв, од Попова Шапка или од планинарскиот дом Смрека, потребни ви се околу 4:30 часа пешачење.

Вакафска патека

- Должината на патеката е околу 10 км. во правец.
- Старт: Попова Шапка - 1720 мнв.
- Крајна точка: Титов Врв 2748 мнв.
- Категорија на патека: Тешка

Зимска патека

- Должината на патеката е околу 10 км. во правец.
- Старт: Пл. Дом Смерака - 1790 мнв.
- Крајна точка: Титов Врв 2748 мнв.
- Категорија на патека: Тешка


on hddd°mm.mmm' WGS 84
E21° 07.000'
E21° 08.000'
E21° 09
ЉУБОТЕН 2498
Pl. Staza
Kule 2324m
Vratnicka Reka
Пл. дом Љуботен
Staza
СТАРО СЕЛО
Petacko Vodice
E21° 05.500'
E21° 06.500'
E21° 07.500'
E21° 08.500'
0 m
350 m
700 m
1050 m

ШАР ПЛАНИНА – Љуботен 2499 мнв

На врвот Љуботен кој се наоѓа на масивот Шар Планина се стасува од Тетово до село Старо Село. Маркацијата за планинарската патека започнува веднаш уште на излезот на Старо Село. Патеката се искачува по широк колски пат, а после 15 минути одење, на една остра кривина, се напушта широкиот пат, и патеката навлегува пак во шума, за после половина час повторно да излезе на широкиот пат. Од тука па се до планинарскиот дом Љуботен патеката се движи по широкиот земјен пат, со една мала кратенка пред домот. За овој дел од патеката ви се потребни околу 2-3 часа. До домот може да се дојде со возило 4x4 и по макадамскиот пат.

Од домот до врвот Љуботен, планината е гола и има трасирана патека која е добро маркирана. Патеката води по падината над домот право нагоре, до почетокот на сртот, кој завршува на врвот. Од домот до врвот ви се потребни 2 - 2:30 часа, а патеката е маркирана.

- Должината на патеката е околу 9.5 км. во правец.
- Старт: Старо Село - 910 мнв.
- Крајна точка: врв Љуботен 2499 мнв.
- Категорија на патека: средно тешка

Стогово се наоѓа во западниот дел на Република Македонија. Највисоки врвови се Голем Рид на 2278 метри надморска височина и Бабин Срт на 2242 метри надморска височина. Овде природата е скоро недопрена поради тоа што во близина нема население, а и не се посетува често од планинарите.

Планината Стогово се наоѓа меѓу долината на Црн Дрим на запад и Сатеска од исток. На север и исток Стогово се надоврзува со планината Бистра, а на југ преку врвот Бабин Срт (2242 метри надморска височина) се надоврзува на планината Караорман. На север е ограничена со Мала Река, Гарска Река, Јамска Река и превојот Јама, а на југ преку Караорман допира до Охридско-струшката котлина.[1] На запад и југозапад падините на Стогово ги оградуваат Дебарското поле и долината на реката Црн Дрим односно областите Дримкол и Малесија, додека пак на исток и југоисток ги оградува Кичевската котлина и северниот дел на областа Дебарца.

Планината е млада верижна со остри сртови и припаѓа на Шарскиот планински систем. Сртот е јасно изразен по целата должина, на места е заоблен, а наместа остар и слабо расчленет. Планинската страна свртена кон север од почетокот благо се спушта, а потоа стрмно паѓа кон долината на Мала Река и нејзините притоки Гарска и Јамска Река. Највисоки врвови се Голем Рид - 2273 метри надморска височина,

Бабин Срт - 2241 м.н.в., Стогово - 2218 метри, Канеш - 2216 м.н.в. и а има уште 7 други врвови повисоки од 2000 метри.Ѓорче Петров го дава следниот опис на правецот на протегање на Стгово: недалеку од Дебар преку Радика, започнува планината Стогово, која врви кон југо-исток под тап агол со Кораб и се покажува во Кичевско 3 часа на југо-запад од градот Кичево, со врвот Стогово. Тука таа завртува на југ и под името Караорман завршува во Охридско.

Стогово е млада верижна планина која настанала за време на алпската орогенеза. Во геолошкиот состав се сретнуваат филитоиди, зелени шкрилци, карбонати, глинци, рожнаци и сл. За време на плеистоценот планината Стогово била зафатена со глацијација и денеска на неа се јавува глацијален (леднички) релјеф како циркови, валови и морени. Во цирковите се јавуваат три леднички езера: Горно и Долно Езеро и езерото Маруша.

Застапеноста на флората е „по катови“ односно во подножјето се застапени листопадните букови и дабови шуми, кон врвот тие се заменети со боровите зимзелени шуми, а самите каменести врвови се опкружени со високотревнати пасишта познати под името „алпски пасишта“. Бројни пасишта и бачила има на зарамнетото било на планината наречено Голема и Мала Мегданица која е опркужена со врвовите Голем Рид на запад, Бабин Срт на југ и Стогово на исток. Во 2012 година, на источните падини на Стогово во Кичевско во два наврати биле пронајдени единки на рис, во рамки на истражувањето на рисовите во Македонија.




Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
E20° 38.400'
E20° 39.200'
E20° 40.000'
E20° 40.800'
E20° 41.600'
E20° 42.400'
E20° 43.200'
N41° 30.400'
N41° 29.600'
N41° 28.800'
N41° 28.000'
N41° 27.200'
N41° 26.400'
N41° 25.600'
Pl. Staza
Gari
Kokoskina 2062m
Krastica 2014m
Voda
2018m
1842m
1869m
Osmanica 1953m
Nazifov Argac 180
1944m
Causica 1984m
Kara Kaja 1878m
2107m
2134m
Voda
Bik Doruk 2268m
Kanes 2232m
2088m
Kutla Krastica 2214m
2053m
2080m
2054m
Valovica
2195m
2030m
Cabin Srt 2247m
AdriaTOPO PRO
© Garmin Ltd. and its Subsidiaries 2014
© Monolit d.o.o., Ljubljana, Slovenia 2014
0 km
0.5 km
1 km
1.5 km
2 km

СТОГОВО – Бабин Срт 2242 мнв

До планината Стогово се пристигнува по патот за Дебар, до месноста Бошков Мост. Оттука се оди пешки или со возило по асфалтен пат до селото Гари – 9 км.

Во селото можете да ноќевате во пензионерскиот дом кој е отворен постојано или во шатори веднаш над селото во ливадите, покрај Гарска Река. Маркацијата за планинарската трансверзала "Планини на Македонија" ПМ започнува од Бошков Мост. До селото Гари маркацијата е поретка бидејќи патеката оди по асфалтниот пат. Од селото патеката ве води покрај Гарска Река до пасиштата на Стогово и бачилото Голема Мегданица, до каде ви се потребни 2 часа. Од бачилото патеката ве води на преслапот Канеш (2047 мнв), меѓу врвовите Бабин Срт и Голем Рид. Од преслапот потребно е да свртите лево и да се движите по гребенот Бабин Срт (2242 мнв). Од бачилото до врвот ви се потребни 2 часа или вкупно 4 часа. Патеката е маркирана.

- Должината на патеката е околу 10 км. во правец.
- Старт: село Гари - 1100 мнв.
- Крајна точка: врв Бабин срт 2242 мнв.
- Категорија на патека: средно тешка



Во југозападниот дел на Македонија можеме да го посетиме националниот парк Пелистер. Овој прекрасен парк е распространет по северниот дел на планината Баба, која е најјужната планина на Балкан што има алпски карактер. Овој национален парк е најстариот во Македонија, и првпат е заштитен со закон во 1948 година. Тогашните власти ја увиделе уникатноста на регионот, интервенирале паметно. Во него, односно на планината Баба има повеќе врвови што ја надминуваат границата од 2 000 метри. Како прво, највисокиот е 2 601 метар, а тоа е врвот Пелистер. Сите тие врвови меѓусебно се одвоени со неколку длабоки долини. Паркот има и туристичко-рекреативна зона, која е особено популарна зиме за време на ски-сезоната, но и лете кога луѓето уживаат во излетите и прошетките.

Националниот парк има свое богатство. Полн е со недопрени убавини и интересни феномени, невообичаени формации како белези за минатото, со специфична геолошка структура, ретко видена вегетација која е карактеристична за паркот. Паркот има поволни и специфични услови за создавање на свое уникатно природно богатство.

Она што е највпечатливо на планината Баба, односно во националниот парк, се камените реки. Тоа се всушност натрупани карпи од гранит и кварц, кои полека низ годините се лизгале низдолно и создале еден вид течења. Лизгањето се одвивало поради замзрнувањето и

одмзрнувањето на карпите во времето кога највисоко на планината владеела снежна зима. И не само реки, има и камени морињa!?! Тоа се всушност релјефни форми што се создале со дробење на карпите од мразот, само што истите останале на своето место и создале огромни простори со камења и карпи. Има еден куп забава за географичари.

Шумите во националниот парк Пелистер содржат уникатни дрвја и растенија. Меѓу осумдесет и осумте видови дрва во Пелистер, може да се најде дрвото Молика, кое не постои никаква шанса да се види некаде на друго место во светот (освен на уште пар планини на Балканот). Тоа е бор со пет иглички кој што во Пелистер го достигнува својот врв во еволуцијата и може да се види само над 600 метри надморска височина. Моликата е многу издржливо дрво, таа може да издржи и сибирски температури, а во Пелистер може да се наиде и на молики стари по два века.




Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
E21° 12.800'
E21° 13.600'
E21° 14.400'
E21° 15.200'
N41° 02.400'
N41° 01.600'
N41° 00.800'
N41° 00.000'
N40° 59.200'
N40° 58.400'
E21° 10.400'
E21° 11.200'
E21° 12.000'
Magarevo
Trnovo
R2331
Hotel Molika
Jorgov Kamen
Crveni Steni
Stiv, 2468 m
LOVECKA KUKJA
Nizhepole
Pateka Do Antenata
Malo I Golemo Ezero
2400 m
OpenTopoMap - Macedonia
0 km
0.5 km
1 km
1.5 km
2 km

БАБА – Пелистер 2601 мнв

За искачување на врвот Пелистер повеќе правци за искачување.

Патека преку Камењарот: маркацијата започнува од Хотел Молика преку Копанки и се протега преку камењарот и преку врвовите Стив 2468 мнв. и Илинден 2542 мнв.

Патеката е атрактивна и потребни се околу 4 часа за совладување. Патеката е маркирана, а се препорачува внимателно движење. На одредени делови се поставени сајли заради полесно движење.

Патека преку Широка: патеката започнува од паркингот пред Инфоцентарот и се движи по земјан широк пат преку Палиснопје а кај Цапарски прерслап патеката влегува во шумата.

Кај месноста под Кулина Стена патеката се дели десно, оди преку Широка и лево преку Болница на врвот. Патеката е маркирана. Патеката е долга околу 13 км. а потребно време за искачување е околу 5 часа.

Патека преку болници е во должина од околу 9 км. Голем дел од патеката е низ шума. Вториот дел од патеката се префрлува на камењар.Патеката е добро маркирана. Потребно време за искачување околу 4 часа

Од село Нижополе до Големо Езеро преку гребенот Дебел Рид потребни се околу 2-2:30 часа, должина на патеката е околу 5,5 км.

Од Големо Езеро до врв се потребни уште 3 часа, патеката е во должина од 6,5 км. Вкупната должина на патеката до врвот Пелистер е околу 12 км.

Патеката е маркирана, домот во летните месеци работи секој ден, а другите месеци само за викендите.



Планината Ниџе се наоѓа во крајниот јужен дел на Р. Македонија. На македонска територија зафаќа вкупна површина од 689,4 км2, од кои 357,4 км2 над 1000 метри надморска височина, 82,2 км2 над 1500 метри и само 10,8 км2 површина над 2000 метри надморска височина. Преку нејзиниот срт води државната граница помеѓу Македонија и Грција. Се протега во правец североисток-југозапад со највисок врв Кајмакчалан (2521 м.н.в.), но доста се истакнува и истоименот врв Ниџе висок 2361 метри. Нејзината должина изнесува повеќе од 20 километри во права линија. На запад, Ниџе се граничи со големата пелагониска котлина. Северозападната граница и воопшто на север од Селечка Планина е одвоена со Скочивирската клисура на Црна река после нејзиниот голем свиок јужно од Селечка Планина до сливот на реката Сатока. Од вливот границата завртува десно на повеќе од 90 степени и се упатува во југоисточна насока до сливот во Градешка Река. Спротиводно од неа достигнува до изворите, одделувајќи го Ниџе од планината Козјак на североисток со која што морфолошки се надоврзува. На југ од Ниџе во егејскиот дел на Македонија се простира Островската (Еордејска) Котлина. Според правецот на протегање, Ниџе претставува ретка и единствена планина во Македонија која што скршнувајќи по речиси прав агол од 90° ја променува насоката на протегање, наликувајќи скоро на бумеранг. Од историјата, планината Ниџе е позната по тоа што на нејзиниот срт на кој денес е расположена на македонско-

грчката граница за време на Првата светска војна бил познатиот Македонски или Солунски фронт. Ниџе е петта по височина од планините во Република Македонија.

Планината Ниџе настанала во палезоикот со херцинската орогена фаза, а целосно е обликувана во средниот терциер. Според настанувањето и геолошкиот состав, планината Ниџе настанала со раседнување во текот на терциерот, поради што таа е слична со Јакупица, Баба итн. Со дејство на надворешните сили на неа се формирале помали и поголеми релјефни форми, од кои најистакните се ледничките глацијални форми: циркови, валови и моренскиот материјал, додека формите на флувијалната ерозија се претставани со длабоки долини низ кои проетку ваат речни токови.

Планината Ниџе е значајна по богатството со шума, планински пасишта, разновидна фауна. Ниџе е една од најбогатите планини со шуми во Македонија, што се должи на фактот дека планината е многу слабо сообраќајно поврзана, односно речиси непристапна. Шумскиот појас е претставен со даб, бука и зимзелени иглолисни шуми. Ниџе една од ретките планини во Македонија и на Балканот каде што меѓу зимзелените иглолисни шуми може да се најде застапен познатиот бел македонски бор - молика. Исто така, Ниџе е една од најбогатите македонски планини со дивеч, што е исто така резултат на непристапноста, одалеченоста, слабата населеност и неповолна сообраќајна и патна поврзаност. Најчести претставници на животинскиот свет на Ниџе се: волкот, мечката, дивата свиња, срната, дивата мачка, разни птици од кои најмногу орли, соколи, мршојадци идр.

Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
N41° 00.000'
N40° 58.800'
N40° 57.600'
N40° 56.400'
E21° 37.200'
E21° 38.400'
E21° 39.600'
E21° 40.800'
E21° 42.000'
E21° 43.200'
E21° 44.400'
E21° 45.600'
E21° 46.800'
E21° 48.000'
E21° 49.200'
Polog
Stanišer 1181m
Skočivir
Kozjačka Čukara 834m
Ostra Čukara 1007m
Borceto 1024m
Dzaul 1149m
Petalinska
Gorni Vrv 1101m
Gorna Karpa 1466m
Crna Stena 1694m
Crna Stena 1876m
Kajmakčalan 2520m1
Pl. Staza
Road2
Road1
Nidže 2361m
Polog
Skočivir

НИЦЕ – Кајмакчалан 2521 мнв

До планината Нице – Кајмакчалан се пристигнува од Битола со автобус со село Скочивир или со сопствено возило.

Маркацијата за планинарската трансверзала "Планини на Македонија" ПМ започнува од селото Скочивир. Поголемиот дел од патеката оди по широкиот колски пат кој оди за летната караула, односно до врвот Кајмакчалан со неколку кратенки. До ловечката куќа Коњарка патеката оди по широкиот пат покрај реката Црна и Коњарка. Првата кратенка десно е после мостот на реката Коњарка, после половина час од реката Коњарка кај месноста **"Т**ерај лево терај десно**"** патеката ја напушта широкиот пат и повторно после половина час се излегува на широкиот пат и води се до шумската куќа, со неколку мали кратенки. Кај шумската куќа се напушта широкиот пат, се врти десно после 20 минути и повторно се излегува на широкиот пат и се оди по него до летната караула, односно до самиот врв Кајмакчалан.

На оваа планина нема пл. дом, а за ноќевање можат да се користат ловечкиот дом, кој работи само за викендите и шумската куќа која се отвара со претходно најавување во дирекцијата на шумското стопанство Кајмакчалан – Битола**.**

Од селото Скочивир до ловечката куќа потребни ви се половина час, додека до шумската куќа 4,5 часа. Од шумската куќа до караулата е потребен 1 час, од караулата до врвот уште 2,5 часа. Оваа планина со извори за вода е слаба.

- Должината на патеката е околу 30 км. во правец.
- Старт: село Скочивир - 580 мнв.
- Крајна точка: Кајмакчалан 2520 мнв.
- Категорија на патека: тешка
- Потребно време за искачување - околу 9 часа



Планинскиот масив Јакупица (Солунска Глава, 2.540 m), кој го зафаќа централниот дел на Р. Македонија, според површината над 1.000 m надморска височина (1.262 km2) ги надминува сите останати високи планини. Тоа е маркантен масив на кого припаѓаат повеќе планини, меѓусебно морфолошки, а повеќето и структурно поврзани во една целина. Масивот е познат по народниот топоним „Мокра“, но во литературата како и на географските карти речиси исклучиво се употребува Јакупица.

Всушност, прецизно дефинирано на Јакупица припаѓаат централните делови на масивот, околу врвот Солунска Глава (2.540 m), Нежиловски Карпи и југоисточниот гребен со Кале (2.112 m). Од овој, централен простор (Јакупица), речиси низ сите страни „ѕвездесто“ се издвојуваат засебни планински целини. На северозапад е Караџица (2.472 m), кон североисток Шашковица (2.186 m) и во нејзино продолжение Пепељак (Убава, 2.352 m).

Помеѓу нив, на север кон Брезница се протега Сува Планина (Мирска Вода, 2.179 m). На исток се наоѓа Голешница (Лисец, 1.935 m), а на југозапад Даутица (2.178 m). Јакупичкиот блок се наоѓа во крајниот северен дел на Пелагонискиот-хорст антиклинориум и е негов најиздигнат дел. Кон запад кон Поречкиот Басен се граничи со изразени раседи долж кои во неотектонската етапа се вршени

релативни сместувања со амплитуда и над 1.000 m. Маркантна руптура со механизам на вертикално сместување се јавува на потегот Самоков-Караџица. Долж овој расед, долг 18 km, југоисточното крило е поиздигнато од северозападното. Значајни вертикални движења се вршени и долж Бабунскиот расед (долг 14 km), со спуштање на западното крило на Бабунската антиклинала. Лушпесто навлекување е регистрирано долж Патишката дислокација. Овде гранитските микашисти се навлечени над калцитските мермери додека на Китка (1.569 m) дволискунските гнајсеви се навлечени преку рефеј-камбриските зелени шкрилци. Според разновидноста на релјефните карактеристики планинскиот масив Јакупица е еден од најкомплицираните простори (високи планини) во Република Македонија.

На Јакупица речиси сите генетски релјефни појави, освен вулканскиот (палеовулкански) се силно изразени. Доминира структурниот, глацијалниот, карстниот (површински и подземен), флувиоденудацискиот, како и рецентниот периглацијален релјеф.

По своите морфоструктурни карактеристики, како што е напоменато, планинскиот масив Јакупица е поделен на повеќе целини. На одделни простори, како изворишните делови на Кадина Река, северните делови на Сува Планина, па и во самиот централен дел на масивот се застапени полигенетски површи (сл. 4). Тоа се реликти на некогашниот пинеплен издигнати до денешните височини, но и моделирани-дисецирани со подоцнежните егзогени процеси (карстни, глацијални, денудациски).




Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
АЛДИНЦИ
П.Д. КАРАЦИЦА
БЕГОВО ПОЛЕ
СОЛУНСКА ГЛАВА 2598
П.Д. МЕТЛЕС
НЕЖИЛОВО
ПАПРАДИШТЕ
Kaldirec
Paligrad
Tisovica
Crn Vrv
Kadifa Reka
Dolno Jabolchishte
Gorno Jabolchishte
Gorno
Begovi Virovi 2112 m
Creshnevo
Sveta Petka
Kabilnovo
2288 m
2168 m
2376 m
2345 m
2104 m
2365 m
2210 m
2088 m
2339 m
1985 m
2379 m
2047 m
2103 m
2263 m
2104 m
1985 m
2126 m
2178 m
E21° 21.600'
E21° 22.800'
E21° 24.000'
E21° 25.200'
E21° 26.400'
E21° 27.600'
E21° 28.800'
E21° 30.000'
E21° 31.200'
E21° 32.400'
N41° 49.200'
N41° 48.000'
N41° 46.800'
N41° 45.600'
N41° 44.400'
N41° 43.200'
N41° 42.000'
N41° 40.800'
N41° 39.600'
N41° 38.400'
OpenTopoMap - Macedonia
0 km
0.75 km
1.5 km
2.25 km
3 km

ЈАКУПИЦА – Солунска Глава 2540 мнв

Врвот Солунска Глава може да се освои од две страни. Скопска – планинарски дом Караџица и Велешка – пл.дом Чеплес.

Од скопска страна се оди од Скопје до месноста Преслап по асфалтиран пат. Маркацијата започнува од месноста Преслап. Патеката од Преслап продолжува преку селото Круша и Алдинци до пл. дом Караџица. За овој дел од патеката се потребни 5,5 часа во било кој правец. Патеката од планинарскиот дом Караџица продолжува по широкиот пат до месноста Здуње (9 км), потоа по Букова Шума и Кривулести Борови до пл. дом Горно Бегово (Исак Русо), а од тука по столбови како зимска маркација до врвот. За овој дел од патеката ви се потребни 4 часа. Патекате е маркирана, а пл. дом Караџица е постојано отворен.

Велешко – за пл. дом Чеплес има два правци. Едниот преку село Папрадиште, другиот преку село Нежилово. До овие села се стига по асфалтиран пат, а понатаму се продолжува низ живописна шума и бујна вегетација. Двете патеки се спојуваат пред планинарскиот дом Чеплес. Патеката од пл. дом Чеплес за врвот Солунска Глава продолжува по Букова Шума до Долна Бабина Дупка, каде има извор. Од изворот патеката до аргачот води по густа зимзелена шума, а од тука по ливади и тревнати површини до самиот врв. За овој дел од патеката ви се потребни 3 часа. Патеката е маркирана. Планинарски дом Чеплес е отворен постојано.

- Должината на патеката е околу 10 км. во правец.
- Старт: село Гари - 1100 мнв.
- Крајна точка: врв Бабин срт 2242 мнв.
- Категорија на патека: средно тешка

ОСОГОВО

Осоговските Планини или Осогово — висок и громаден планински масив кој доминира во источниот дел на Република Македонија. Расположен е помеѓу Славишката Котлина на север, Кумановската Котлина на северозапад, Пробиштипско-злетовскиот басен на запад, Кочанската Котлина на југ, Пијанец на југоисток и Струмскиот басен со Ќустендилската Котлина на исток на територија на Република Бугарија.

Како природна целина која се протега во две држави, Осоговскиот планински масив зафаќа вкупна површина од 1.535 км2, од кои на Република Македонија припаѓаат 1.102 км2 или 71,8%, додека 443 км2 или 28,2% на Република Бугарија. По својата површина е втор планински масив во Република Македонија, по планинскиот масив Јакупица (Мокра Планина). Највисок врв е Руен (2.252 м), а покрај него уште 5 врва се повисоки од 2000 м меѓу кои е и Царев врв .

Осоговскиот планиски масив тектонски припаѓа на српско-македонскиот масив, кој претставува старо копно на Балканскиот Полуостров. Тектонските движења со кои била зафатена оваа планина условиле да биде издигната, раседната и раздробена при што е формирана како хорст. Геолошкиот состав е претставен со прекамбриски метаморфити и палеозојски шкрилци. За време на терцијарот се одвивала интензивна вулканска активност, што

овозможило создавање на големи резерви на оловно-цинкова руда.

Релјефот на Осоговскиот планински масив е претставен со високи, зарамнети и долги планински била, кои меѓу себе се расчленети со длабоки речни долини, вулкански купи и кратери. Најпознати била се Руенското било, претставува вододелница помеѓу сливот на Вардар и Струма; Соколско било; Калинкаменско било; Костадинечко-лисечко било кое е вододелница помеѓу Пчиња и Брегалница; Лопенско било; Д›лгиделско било и др. Покрај билата значаен релјефен елемент се речните долини кои се одликуваат со клисури. Најпознати се долините на Тораничка Река (извориште на Крива Река), Каменичка Река, Оризарска Река, Злетовска Река и др.

Флората се разликува според вертикалната разместеност:

Потпланинска зона до 1.000 m каде вируеат дрва од типот на даб, брест, габер, јасен, леска и слично; Планинска зона од 1.000-1.800m, каде што преовладува буката; Субалпска зона која е прекриена со трева и грмушки од смрека.

Постојат многу легенди за тоа како Осогово го добило името, но најпознатата е онаа според која тоа потекнува од старите саксонски рудари кои во минатото на ова подрачје ископувале злато и сребро. Приказната вели дека името настанало со спојување на зборовите од старогерманскиот јазик „osso" (господ) и „gov" (место), што значи „Божјо место".




Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
E22° 22.400'
E22° 24.000'
E22° 25.600'
E22° 27.200'
E22° 28
Kriva Palanka
Kosari
Straovica
Varoska Maala
Prisojarci
Racinska Maala
Mali Stanoevci
Recko Maala
Drenjak
Mali Kajgarci
Царев врв
Sumanska Maala
Misino
Nebôjan
Jamiste
Ramno Brdo
Kasiro
Ramno Niviste
Lisje Brdo
Kocanik
Gnoiste
N42° 11.200'
N42° 09.600'
N42° 08.000'
N42° 06.400'
N42° 04.800'
N42° 03.200'
AdriaTOPO PRO
0 km
1 km
2 km
3 km
4 km

ОСОГОВО – Царев Врв 2085 мнв

До врвот Царев Врв може да се пристапи од две страни: Кривопаланечкиот манастир св. Јоаким Осоговски и од Кочани преку Пониква.

Од Крива Паланка до ман. Св. Јоаким Осоговски има околу 3 км. Во ман. конаци може да се ноќева бидејќи на оваа планина не постои план. дом. Маркацијата започнува од манастирот. Од манастирот патеката кон Царев Врв води преку селото Варовиште, Ловечка Куќа, Калин Камен, Царев Врв. Од Ловечката Куќа до врвот се оди по ливади. Планинарската патека е долга околу 25 км во еден правец за кои ви се потребни 5 часа. Покрај патеката има повеќе извори и чешми. Патеката е средно тешка

Кочанска страна – маркацијата за планинарската патека започнува од крајот на Кочани, крајот на улицата "14та Бригада" продолжува под депонијата, над с. Црвена Нива минува преку пошумен дел со бреча и бор се до асфалтот, минува покрај чешмата Змбава. Потоа продолжува покрај Д'га Ридина се до асфалтот. Сечејќи го асфалтниот пат продолжува преку Лешки Рид. Некаде 500 метри пред шумска куќа излегува на асфалтен пат. Продолжува по него, после 200 метри од шумската куќа. Се напушта асфалтниот пат (десно) продолжува по стариот (колски пат) за Пониква. Од градот до Пониква потребни се 5 часа. До Пониква може да се стигне и по асфалтен патод прилика 20 км.

Од Пониква патеката за Царев Врв продолжува се по широк колски пат, со една кратенка кај бачилото на 33 Галеб, некаде половина час пред врвот се напушта широкиот пат (десно) и се оди се по ливади, патеката е добро маркирана. Во вториот дел од патеката треба да се внимава на раскрсниците бидејќи ги има доста. За овој дел од патеката ви се потребни 5 часа.



Плачковица (1754 м) е дури 20-та по височина планина (од 38 планини) во Република Македонија и 5-та по височина во источниот дел на државата (по Осоговски Планини, Беласица, Влаина и Малешевски Планини). Меѓутоа, поради значителната површина што ја зафаќа од близу 750 км кв., таа е веднаш по Јакупица, Осоговските Планини, Шар Планина и Сува Гора. Плачковица се издига помеѓу Струмичко-Радовишката Котлина и долината на реката Плавања (притока на Струмица) на југ, Кочанската Котлина на север и долината на Осојница на исток. На запад, таа е доста расчленета и еродирана, постепено спуштајќи се кон Овче Поле, долината на Брегалница и нејзините леви притоки. Особено стрмна и јасно изразена е северната страна кон Кочанско Поле, додека другите страни паѓаат постепено. Инаку, иако нема многу карактеристичен правец, главните била главно се протегаат од северозапад кон југоисток во должина од околу 30 км.

Со долината на Зрновска Река, Плачковица речиси симетрично е поделена на два дела: источен и западен. Западниот дел е нешто понизок со највисок врв Туртел 1.689 м. Поради застапеност на мермери во геолошката градба на овој дел, околу Туртел се создале повеќе пештери. До сега се истражени пет пештери од кои најдолга е Големата пештера со должина од околу 600 метри. Таа претставува вистински бисер со своите пештерски украси и предизвик за спелеолозите. Помали се пештерите Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор, но и тие се богати со пештерски украси. Речиси сите наведени пештери

се лесно достапни за посетителите и до нив водат маркирани патеки. Инаку, најдобра пристапност до западниот дел со врвот Туртел, како и наведените пештери е преку асфалтниот пат кој води од с. Карбинци до одмаралиштето Плачковица на околу 1350 м. Убаво место за преноќување овде е планинарскиот дом Вртешка кај истоименото село на 1050 м надморска височина, сместен на карактеристична височинка и со одличен видик. Речиси од целото Туртелско било кон запад се протега одличен панорамски видик на голема далечина, додека пак неговата источна страна кон долината на Зрновска Река е многу густо пошумена и остава впечаток на недопрена зелена дивина со восхитувачки пејсажи.

Источниот дел на Плачковица е повисок и на него се врвовите Лисец (1754 м), Чупино Брдо (1725 м), Бел Камен (1707 м), Кара Тепе (1625 м) и други. Врвот Лисец е највисок на планината. Од него се протега извонреден панорамски видик кон околните подрачја, а за многу ведро време и чиста атмосфера, од него може да се види Рила на запад, дел од Солунскиот Залив на југ, па дури и планината Олимп оддалечена преку 200 км! Всушност иако не е многу висок, Лисец е меѓу врвовите во Македонија со најголем доглед или најдалечна хоризонтна видикова линија. Затоа во некои поранешни времиња овде се наоѓал воен радарски центар за набљудување, а денес се говори за можно поставување на астрономска обсерваторија.

Покрај чистата и речиси недопрена природа во средишниот дел на планината Плачковица, голема атрактивност овде претставуаат традиционалните села со доста сочуван стил и начин на живот.

Плачковица може да ви понуди незаборавно доживување кое долго ќе се памети и одлично рекреативно планинарење по планинските била, по стрмните долини или пак движејќи се покрај каменливите речни корита со кристално бистра вода.


Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
E22° 28.800'
E22° 30.400'
E22° 32.000'
E22° 33.600'
E22° 35.20
N41° 47.200'
N41° 45.600'
N41° 44.000'
N41° 42.400'
N41° 40.800'
N41° 39.200'
ЛИСЕЦ 1754m
Vrteska
Sipkovica
Micak
Пл. дом. ЦУМАЈА
Kozjamar
Novo
Saintas
Kodzalija
Supurge
Ali Koc
Sturovo
Karalobasi
Kalauzija
Durutlija
Pmalija
Coselija
Saridol
Kej 8-Mi Septemvri
M-6 Radovis-Prat-Stn
Radovis
Raklis
Oraovica
24.000'
E22° 25.600'
E22° 27.200'
E22° 28.800'
E22° 30.400'
E22° 32.000'
E22° 33.600'
E22° 35.20
AdriaTOPO PRO
0 km
1 km
2 km
3 km
4 km

ПЛАЧКОВИЦА – Лисец 1754 мнв

Плачковица се издига помеѓу струмичко-радовишката котлина на југ и кочанската котлина на север. Таа е поделена на два дела, источни и западни. Западниот дел е понизок, а највисок врв на него е Туртел на 1689 метри надморска височина. На источниот дел се наоѓа највисокиот врв на оваа планина, Лисец на 1754 метри надморска височина. Лисец е популарен помеѓу локалните планинари. Не е необично на Лисец да има снег и во јуни. Под врвот се наоѓаат планинарските домови Вртешка и Џумаја

До планината Плачковица се доаѓа од градовите Радовиш, Штип и Виница. Маркацијата за планинарската трансверзала "Планини на Македонија" ПМ започнува од градот Радовиш, од мостот на Стара Река и поминува низ населбата Технелк, од каде се оди по асфалтен пат, преку мали кратенки, се поминува во непосредна близина на селото Штурово. За половина час се доаѓа до говедарската фарма "Чешме мале". Преку кратенките што продолжуваат се излегува на асфалтен пат на областа Друм, каде поголем дел се оди по асфалтен пат. Во непосредна близина на с.Козбунар повторно започнуваат кратенките меѓу некои вили, 15 минути пред шумската куќа повторно се излегува на асфалтен пат. Од шумската куќа до пл. дом Џумаја се пристигнува по добар земјен пат во должина од 2 км. За овој дел од патеката се потребни 5 часа. Оние кои имаат сопствено моторно возило можат да дојдат до домот кој е оддалечен од градот 22 км асфалтен пат.

Од планинарскиот дом патеката продолжува кон рекичката "Еден Дере" која се поминува неколку пати, за да по еден час пешачење патеката дојде до самото подножје на врвот Лисец, се поминува реката Ломија. Оттука патеката се качува нагоре по гребенот Влашка Ридина, седлото Влашки Гроб, Голема Ливада до врвот Лисец. Од планинарскиот дом до врвот Лисец потребни се 2 часа. Патеката е маркирана , печатот се наоѓа во планинарскиот дом. Домот работи по потреба со претходно најавување во план. друштво Бел Камен – Радовиш.



Беласица — планина во југоисточниот дел на географскиот регион Македонија и е поделена меѓу државите Македонија (35%), Грција (45%) и Бугарија (20%). Во Македонија, оваа планина почива во близина на Струмица. Има напореднички правец на протегање исток - запад и должина од над 70 км². Спаѓа во групата најстари планини не само во Република Македонија, туку и на Балканскиот Полуостров.

Настанала за време на создавањето на Родопските Планини. Подоцна е разорена а повторно е издигната за време на најмладото алпско набирање. Според морфолошката структура, планината е изразит хорст со мошне стрмни падини кои се спуштаат на северната и јужната страна.

Од соседните планини Беласица е одделена со долините на реката Вардар на запад, Струма на исток, Струмичката Котлина на север и Дојранската и Серската Котлина на југ. Според висичината, таа спаѓа во групата високи планини. Највисок врв е Радомир (Калабак) - 2.029 метри, наречен по царот Гаврил Радомир, син на царот Самуил. На врвот Тумба се наоѓа тромеѓата меѓу Македонија, Бугарија и Грција. Тука е поставен граничен камен во вид на пирамида, што ја означува тромеѓата помеѓу овие три држави. Беласица е богата со шуми и на неа се среќаваат дабот, буката, борот, елата, јасенот и др.

Но, таа е уште побогата со планински пасишта на кои во летниот период доаѓаат бројни стада на пасење. Само највисоките врвови на Беласица се голи и каменити. Во подножјето на Беласица извираат многубројни термални и минерални извори. Меѓу нив најпознат е изворот во с. Банско. Водата од овој извор е лековита, минерална и сулфурна со температура од 75 °C. Според температурата на водата овој извор е најтоплиот во Македонија. Исто така, Беласица е богата со рудни богатства, но сè уште ништо не се експлоатира. На падините на Беласица се наоѓа еден од најубавите водопади во Македонија - Смоларскиот водопад.

Од 2001 година секоја година, во август, се организира меѓународен планинарски поход за искачување на врвот Тумба (Тромеѓа) под наслов „Балкан без граници“. Походот започнува од селото Смоларе, преку планинарскиот дом „Шарена чешма“, сè до тромеѓето.




Lat/Lon hddd°mm.mmm' WGS 84
E22° 54.000'
E22° 54.400'
E22° 54.800'
E22° 55.200'
E22° 55.600'
E22° 53.200'
E22° 53.600'
N41° 22.400'
N41° 22.000'
N41° 21.600'
N41° 21.200'
N41° 20.800'
N41° 20.400'
Somolari
Drazevo
300
400
500
600
700
800
900
1000
1100
1200
1300
1600
1700
1800
982m
1821m
Samar 1869m
ТУМБА
Пд. Шарена чешма
Vodopad
Vodopad
AdriaTOPO PRO
© Garmin Ltd. and Its Subsidiaries 2014
© Mondiš d.o.o., Ljubljana, Slovenia 2014
0 m
250 m
500 m
750 m
1000 m

БЕЛАСИЦА – Тромеѓа 1881 мнв

До планината Беласица се пристигнува од Струмица до с. Смоларе. Маркацијата за планинарската патека започнува од с. Смоларе.

Од с. Смоларе до планинарскиот дом "Шарена Чешма" потребни се 2,5 часа. Од пл. дом до границата патеката се движи час по широкиот пат, час по шумата, после еден час пешачење се пристигнува до границата. Оттука патеката свртува лево и се движи по граница (патролна патека) се до врвот Тромеѓа (Тумба), а до врвот ви се потребни уште еден час или вкупно 2 часа од план. дом.

Домот работи по потреба со претходно најавување во план. друштво Ентузијаст – Струмица.

- Должината на патеката е околу 13 км. во правец.
- Старт: с. Смолари - 1100 мнв.
- Крајна точка: врв Тумба срт 1881 мнв.
- Категорија на патека: средно тешка